ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ” – СВЕТИ НИКОЛЕ

ПРОГРАМА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА ВО 2014 ГОДИНА

Ноември, 2013 година

Програмата за одржување на водовод и канализација содржи:

А. <u>Водовод</u>

1. редовно одржување на водовод
2. редовно отклонување на дефекти
3. изработка на водоводни шахти
4. поставување на вентили од водоводни шахти

1.1 Во делот од редот на одржување на водоводна мрежа е опфатено секојдневна контрола на мрежа, проверка на затварачи, проверка на шахти, редовното чистење на водомери спрема досегашните искуства се движи околу 180 броја на годишно ниво.

1.2 Во делот на мерните инструменти, редовна замена на репарирани од страна на ЈКП Комуналец и нови купени од корисниците на вода, чиј број се движи околу 265 броја на годишно ниво.

1.3 Во делот на редовно одржување на дефекти се подразбира сечење на асфалт – бетон, отклонување на дефектот и поново враќање на истото во првобитна положба или крпење со бекатон

1.4 Замена на вентили и шахти на водоводни чворови (раскрсници) каде се сопираат големи реони на вода при отстранување на дефекти, па се предвидува нови шахти и вентили во сите чворови кои треба да се изработат во 2014 година, со што ќе се скратат реоните и ќе се намали растојанието при сопирање на вода при настанати дефекти и било кои други работи.

За изработка на горе наведените работи потребно е да се набават следните вентили:

- Ф 125 10 број
- Ф 100 6 броја
- Ф 80 4 броја

Б. Канализација

1. редовно одржување на канализација
2. изработка на RS
3. обнова и поставување на капаци

2.1 За успешно работење на фекалната канализација потребно е секојдневно одржување и чистење на ревизионите шахти. За одржување на фекална канализација потребни се следните рачни алати за секојдневна работа. За поуспешно одржување на линиите потребно е потребна и механа опременост на групата со специјално возило, цистерна и влечни средства.

2.2 Поради дотраеност на дел од шахтите потребно е обнова – реконструкција на дел од постоечките шахти.

2.3 Поради поголеми растојанија помеѓу ревизионите шахти каде не може да се интервенира со горе наведената опрема, треба да се изработат нови шахти, за што треба да се набават тешки и средни капаци по 10 броја, цемент, железо и дасчена оплата.

Референт по водовод и канализација	**ЈКП „Комуналец”** **Директор**
_____	_____
Витомир Стојковски	**Марјан Станојковски**